Фабрика за производство на битуменски
изолациони материјали
БИМ акционерско друштво
Бр. 02 - 159/8
26.05 2022 год.
Св. Николе

БИМ
ФАБРИКА ЗА ХИДРОИЗОЛАЦИОНИ МАТЕРИЈАЛИ

Во согласност со чл.487 и чл.490 од Законот за трговски друштва, чл.10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва (Сл.весник 42/10) и чл.81 од Статутот на БИМ а.д. Свети Николе, на Собранието на акционери одржано на ден 26.05.2022 год. од вкупно 9663 акции кои се важечки гласови на Собранието се претставени 5718 важечки гласови кои претставуваат 56,31 % од основната главнина 10.155 обични акции и со едногласно "за" се донесе следната

# О Д Л У К А

**утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2021 год.**
**(дивиденден календар )**

Чл.1

Согласно одлуката за распоредување на нето добивка остварена по годишната сметка за 2021 година, на акционерите им ќе исплатува дивиденда за 2021 година во висина од 1.650,00 денари нето, односно 1.833,333 денари бруто, за една акција.

Дивидендата ќе биде исплатена во готово на трансакциските сметки на акционерите.

Чл.2

Последен ден на тргување со право на дивиденда е 14.06.2022 година,

Чл.3

Прв ден на тргување без право на дивиденда е 15.06.2022 година,

Чл.4

Датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда е 16.06.2022 година.

Чл.5

Исплатата на дивиденда за 2021 година ќе започне од 20.06.2022 година.

За исплата на дивидендата акционерите ќе бидат известени преку официјалната веб страна на Друштвото www.bim.com.mk.

Чл.6

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание на
акционери на БИМ а.д. Св.Николе
Јованка Панева